ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2018 07 6/1

Скопје, март 2019

# Содржина


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 17 - 18 |
| Сметководствени политики | 18 - 21 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 29 |

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број: 13-190/7

Дата: 26.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (630), за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година на сметката на основниот буџет (630) на Општина Велес изразивме негативно мислење во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва во делот на усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија за 2009 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (630), во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2009 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Велес, е извршена во јануари 2011 година при што е констатирано дека две од препораките се спроведени, а една е во тек на спроведување.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Велес, сметка на основен буџет (630), за 2017 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- и покрај донесениот ребаланс на Буџетот за 2017 година постои значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи, при што приходите се остварени со 49,89%, а расходите со 48,14% во однос на планираните;
- Општина Велес во 2017 година не остварува приходи од надоместок за јавна чистота, а со буџетот за 2017 година по овој основ се планирани приходи во износ од 9.500 илјади денари и

- постои не усогласеност на податоците за побарувањата по основ на данок на имот, данок на промет и наследство и подарок и комуналната такса за фирма односно назив на деловна просторија, помеѓу состојбата искажана во сметководството и евиденцијата во даночното одделение.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува состојбите во врска со издавањето под закуп на градскиот базен, закупот на билбордите и рекламните паноа и системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:

- по основ на издавањето под закуп на градскиот базен, општината поради неплаќање на обврските од страна на закупецот, во 2017 година и наназад неколку години, нема остварено приходи, поради што е активирана хипотеката за стан и е извршена продажба на истиот;
- за поставување на билбордите и рекламните паноа во Град Велес не се испочитувани одредбите од склучениот договор од 2010 година, поради што е извршена присилна наплата на дел од побарувањата, преку извршител, а по јавениот оглас бр. 01/2015 од 05.05.2015 година за добивање право за поставување на билборди и рекламни паноа, иако е избран истиот корисник како по огласот од 2010 година, договорот не е потпишан, иако истиот ги користи билбордите и рекламните паноа, не плаќа на општината, која пак фактурирала само дел од побарувањата и тоа само по основ на комунална такса и потрошок на електрична енергија;
- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ и
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Од страна на одговорното лице на Општина Велес, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________
2. ______________
3. ______________
4. ______________

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (630), за 2017 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2009 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (630) во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес од 17.04.2013 година до 18.10.2017 година;
- Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес од 19.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки .

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.10. до 28.12.2018 година, кај Општина Велес, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова - помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски - раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов - самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Биљана Сурлевска - виш ревизор и овластен државен ревизор,
- Маја Михајлов – помлад ревизор и
- Халит Рамадани - помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2009 година на Општина Велес е извршена во 2011 година, при што е констатирано дека е постигнат значителен напредок во имплементација на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.01.2019 година.
Од страна на одговорното лице на Општина Велес, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година.

**Констатирани се следните состојби:**

## 4.1. Внатрешни контроли

### Процес на буџетирање

4.1.1. При оценка на системот на контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените внатрешни контроли функционираат на начин што обезбедуваат навремено донесување на Буџетот на Општина Велес, но присутен е ризик од нереално планирање, а како последица на тоа и неостварување на планираните приходи и расходи. Ова се должи на следното:

- постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- при планирање на буџетот не се земени во предвид реалните состојби и можности на општината и историските податоци за остварувањата на приходите и расходите во претходните години;
- во процесот на изготвување на буџетот се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии за делот на приходите по основ на блок дотации;
- од страна на Советот на Општината донесен е буџетски календар со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет и дефинирани се носителите на конкретна активност и
- се почитуваат роковите утврдени со буџетскиот календар и буџетот е донесен во законски предвидениот рок.

Слабостите во планирањето во процесот на буџетирање придонесуваат за значително отстапување на планираните со реализираните приходи и расходи.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Велес со Буџетот за 2017 година има планирано приходи и расходи во износ од 441.842 илјади денари, што во однос на реализираниот буџет во 2016 година, проекцијата на приходите и расходите е направена со зголемување од 192,97%. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 220.429 илјади денари и расходи во износ од 212.701 илјада денари. Планираните приходи се остварени со процент од 49,89%, а расходите со 48,14%.
Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните произлегува од приходите од данокот на наследство и подарок кои се остварени со 28,10%, надоместок за уредување на градежно земјиште остварени со 54,89% и приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања кои се остварени со 18,57%.

Кај расходите позначително е отстапувањето кај капиталните расходи кои се остварени со 23,88%, расходите за стоки и услуги кои се остварени со 55,59% и расходите за социјални бенефиции со 8,09%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот.
И по извршениот ребаланс на буџетот за 2017 година не се надминати состојбите на неусогласеност на планираните и реализирани приходи и расходи. Нереалното планирање на буџетот е карактеристика и во донесените Програми за одделни дејности кои се во надлежност на општината, а кои и покрај неостварувањето на буџетот не се менуваат и не се намалува обемот на утврдените плански активности/работи, и создава ризик од преземање на обврски, иако нема реална можност од обезбедување на средства.

Во месец ноември 2018 година согласно Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа направена е дополна со која е регулирано дека сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, со што е намалена можноста од донесување на нереални буџети кои се остваруваат со големи отстапувања.

**Препораки:**

- одделението за финансиски прашања, изготвувањето на буџетот да го темели на реалните состојби и можности и на основа податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување, а согласно претходно наведената одредба од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- градоначалникот да предлага на советот на општината измени и дополнување на буџетот, во случај на значително отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи и
- при неостварување на планираниот буџет надлежните служби да пристапат кон измена на буџетските програми.

4.2.2. За користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, Општина Велес нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2017 година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Наведеното има за ефект

неусогласеност со законската регулатива како и нетранспарентност во однос на наменското користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.
Во текот на ревизијата надлежните од општината, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, имаат доставено извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти за периодот од 2011 до 2017 година и поради тоа ревизијата не дава препорака.

4.2.3. Општина Велес во 2017 година не остварува приходи од надоместок за јавна чистота, а со Буџетот за 2017 година по овој основ се планирани приходи во износ од 9.500 илјади денари. Причина за таквата состојба е што Советот на општината нема донесено одлука за висината и мерната единица по која би се наплаќал овој надоместок. Поради тоа и ЈКП “Дервен“ Велес, кое врши собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад на подрачјето на Општина Велес, не го наплатува овој надоместок од граѓаните кој треба да е приход на општината и треба да се користи за финансирање на работите на јавната чистота. Непреземање на мерки од страна на општината за наплата на овој надоместок не е во согласност со член 24 и 25 став 3 од Законот за јавна чистота и има за ефект намалени приходи за општината.

Во 2018 година Советот на Општина Велес донел Одлука и измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавна чистота, со кои е утврдена висина на надоместокот од 0,90 денари по $м^2$ за физички и за правни лица.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Ревизија изврши увид на состојбите на ненаплатени побарувања по основ на данок на имот, данок на промет на недвижности и права, данок на наследство и подарок и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија искажани на 31.12.2017 година во сметководствената евиденција и Билансот на состојба како составен дел на финансиските извештаи за 2017 година и увид на состојбите од даночното одделение при што ги утврди следните состојби:

- побарувањата за Данок на имот од физички и правни лица во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2017 година се искажани во износ од 27.983 илјади денари, а во евиденцијата на даночното одделение во износ од 55.486 илјади денари или повеќе за износ од 27.504 илјади денари;

- побарувањата за Данок на промет од физички и правни лица во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2017 година се искажани во износ од 1.160 илјади денари, а во евиденцијата на даночното одделение не се искажани побарувањата за Данок на промет од физички лица, а искажан е наплатен износ од 12.595 илјади денари и кај Данок на промет од правни лица во евиденцијата на даночното одделение искажан е износ на побарувања од 7.139 илјади или податоци кои не се споредливи;
- побарувањата за Данок на наследство и подарок од физички лица во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2017 година се искажани во износ од 257 илјади денари, а во евиденцијата на даночното одделение побарувањата за Данок на наследство и подарок од физички лица нема искажано, а искажан е наплатен износ од 514 илјади денари или податоци кои се неспоредливи и
- побарувањата за Комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија од правни лица и самостојни вршители на дејност, во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2017 година се искажани во износ од 61.044 илјади денари, а во евиденцијата на даночното одделение побарувања во износ од 91.316 илјади денари или повеќе за износ од 30.272 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со член 2 став 1, член 7 став 2 и член 12 став 1 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално искажување на состојбата на побарувањата во сметководствената евиденција и во Билансот на состојба.

Од извршениот увид на евиденцијата на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија се констатира дека Општина Велес има побарувања кои потекнуваат од претходни години и за истите не е извршено прикажување на сметките за сомнителните и спорни побарувања. Имајќи во предвид дека дел од овие побарувањата потекнуваат од минати години (2007-2012 година), а не се преземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата, истите согласно член 360 од Законот за облигациони односи, според кој општиот рок на застареност е 5 години, се застарени, а и според Законот за даноците на имот согласно членот 84 и 85 правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден, односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен.

**Препорака:**
Одговорните лица на Општина Велес да преземат мерки и активности за реално согледување на основот на постоење на претходно наведените состојби на

побарувањата, да извршат соодветно евидентирање во деловните книги и да ја утврдат можноста за нивна наплата.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, а се однесуваат на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината, не остварување приходи од надоместок за јавна чистота, нереално искажана состојба на побарувањата по основ на данок на имот, данок на промет на недвижности и права, данок на наследство и подарок и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, во сметководствената и даночната евиденција, има за ефект намалување на квалитетот на информациите кој ги даваат финансиските извештаи.

### Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.3.1. финансиските извештаи не ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Велес на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2.1. и 4.2.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Велес за 2017 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Општина Велес прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- на сметката за Побарувања по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и Пасивни временски разграничувања извршено е евидентирање на помалку евидентиран износ од 1.044 илјади денари.

Евидентирањето е извршено со налог за книжење број 0001 и 0002 од 31.12.2018 година.
Ревизијата, прифатените корекции од страна на Општина Велес, ги инкорпорира во финансискиот извештај - Биланс на состојба за 2017 година.

5.2. Обрнуваме внимание дека Општина Велес е тужена странка од 28 (дваесет и осум) субјекти и тоа: 2 (две) правни лице за износ од 8.399 илјади денари и 26 (дваесет и шест) физички лица за износ од 3.821 илјада денари.
Општина Велес се јавува како тужител на 3 (три) субјекти, правни лица за износ од 2.762 илјади денари.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

**Закуп на градскиот базен**

5.3. Градскиот базен, кој е сопственост на општината е издаден под закуп на физичко лице во временски период од 10 (десет) години, за што има склучен Договор бр. 03-2021/6 од 14.05.2012 година. Висината на годишната закупнина изнесува 648 илјади денари и треба да се плаќа најдоцна до 31 јануари тековната година. Од извршениот увид на сметководствената документација ревизијата констатира дека закупецот не ги плаќал закупнините за 2015, 2016, 2017 и 2018 година, со исклучок на уплата од 130 илјади денари во 2017 година, а се однесува за 2015 година. Општината има испратено две опомени пред извршување до закупецот на ден 02.03.2014 и 28.03.2016 година, но не се преземени мерки за наплата на заостанатите побарувања предвидени во договорот, односно не е извршено присилно извршување на неговиот имот поради наплата на доспеана а не наплатена закупнина, регулирана со Хипотека на недвижен имот (двособен стан на ул. 11 Октомври бр. 26 Велес) чија вредност е проценета на износ од 1.668 илјади денари. На 07.03.2018 година од страна на Општина Велес е поднесено Предмет известување до Основното јавно обвинителство Велес за постоење на сомневање за злоупотреба на средствата на граѓаните на општината, а во врска со издавањето под закуп на Градскиот базен. На основа податоците од сметководствената евиденција на општината побарувањето по основ на неплатени обврски од страна на закупецот изнесуваат 1.813 илјади денари.
Бидејќи истиот не извршил уплата, општината преку извршител извршила активирање на хипотеката на станот, при што на усно јавно наддавање одржано на 18.10.2018 година извршена е продажба на станот за износ од 1.712 илјади денари на физичко лице. До денот на ревизија од страна на купувачот не е извршена уплата по овој основ.

**Поставување за билборди и рекламни паноа**

5.4. Врз основа на Оглас 01 бр. 02-2212/3 од 31.05.2010 година за поставување на билборди (25) на територијата на Општина Велес, избран е најповолен понудувач со кој е склучен Договор заведен во општината под бр. 03-2212/8 од 01.08.2010 година. Договорот е склучен со важност од 3 години, односно до 01.08.2013 година со можност за продолжување за уште три години, согласно членот 1 став 1 од истиот. За добиеното право за поставување на билборди, корисникот согласно договорот, треба да уплати износ на име закуп од 1.290 илјади денари за секоја година, за првата година веднаш по потпишување на договорот, а за останатите години закупнината од 1.290 илјади денари годишно да ја плаќа однапред најдоцна до 31 јули од секоја наредна година. Согласно членот 2 ставовите 1, 2 и 3 од договорот е регулирано и тоа дека за секој поставен билборд корисникот треба да плаќа по 1,2 илјади денари (1.200,00 денари) комунална такса годишно, како и надоместок за потрошена електрична енергија.

Според членот 3 од овој договор е договорено корисникот за потребите на општината да финансира проект на општината во износ од 554 илјади денари, а кој проект ќе го одреди општината. Такво нешто за периодот на договорот се нема случено, односно од надлежните на општината не е побарано од корисникот финансирање на одреден проект.

За периодот од 01.08.2010 година до 01.08.2013 година, за 3 години, од страна на општината е фактуриран износ за закуп од по 1.290 илјади денари за секоја година или вкупно 3.870 илјади денари. Овој износ од страна на корисникот целосно е платен заклучно со 20.12.2013 година, од кој за дел од побарувањата е извршена присилна наплата, преку извршител, а заклучно со 30.09.2014 година е извршена наплата и на комуналната такса и потрошената електрична енергија во вкупен износ од 669 илјади денари.

По истекот на рокот на договорот 01.08.2013 година, формално не е склучен нов договор, корисникот и понатаму продолжил да го користи правото за поставување на билборди (25) на територијата на Општина Велес во врска со што општината фактурирала за дел од 2013, 2014 и дел од 2015 година само комунална такса и потрошок на струја по 204 илјади денари годишно или вкупно за двете години износ од 408 илјади денари, кој износ од страна на корисникот не е платен и е предмет за наплата по пат на присилно извршување. За овој период не е пресметан и фактуриран надоместок за закуп во вкупен износ од 2.580 илјади денари.

На 05.05.2015 година од страна на општината објавен е јавен оглас бр. 01/2015 од за добивање право за поставување на билборди и рекламни паноа. И на овој оглас за најповолен бил избран повторно истиот правен субјект, во врска со што е изготвен договор од месец јуни 2015 година, кој не е потпишан ниту од општината ниту од корисникот, иако во градот и понатаму се користат билборди и рекламни паноа. Со овој договор утврдено е плаќање закуп од 550 илјади денари годишно, за 5 години, согласно членот 5 и по 1,2 илјади денари комунална такса годишно како и

надоместок за потрошена електрична енергија, а согласно членот 8 од договорот. По овој договор општината нема воопшто фактурирано и наплатено надоместок за закуп, комунална такса и потрошок на електрична енергија, а тоа така траело до средината на 2018 година, односно се до новообјавениот оглас бр. 02/2018 од 21.06.2018 година. Истото е наводно поради непостоење на потпишан договор и покрај тоа што корисникот стопанисувал со билбордите и рекламните паноа.
На 21.06.2018 година од страна на општината објавен е јавен оглас бр. 02/2018 за добивање право за поставување на билборди и рекламни паноа на кој за најповолен понудувач на електронско јавно наддавање бил избран друг правен субјект, кој стопанисува со правото за поставување на билборди и рекламни паноа во Град Велес. Договорот е потпишан од сегашниот градоначалник на општината и управителот на правниот субјект.

## 6. Останати прашања

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

6.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

### Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување

6.2. По основ на комунална такса за улично осветлување, Општина Велес, како и останатите единици на локалната самоуправа во Република Македонија од страна на Трговското друштво за дистрибуција на електрична енергија не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;

- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

Во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци. За надминување на оваа состојба од страна на Трговското друштво за дистрибуција на електрична енергија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.
И покрај склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Трговското друштво за дистрибуција на електрична енергија , од страна на истото не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи.
Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварени приходи по овој основ, кои градот и општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за реалноста на истиот. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

## Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот

6.3. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.
Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).
За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатабилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

## Општина Велес - Сметка на основен буџет (630)
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 134.275 | 113.370 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 6.422 | 8.461 |
| Капитални приходи | 3.3. | 17.226 | 24.661 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 62.506 | 86.772 |
| **Вкупно приходи** | | **220.429** | **233.264** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 36.331 | 36.128 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 760 | 1.915 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 97.447 | 81.178 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 5 | 69 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 26.711 | 20.647 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 89 | 572 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **161.343** | **140.509** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **43.060** | **80.164** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **8.298** | **8.298** |
| **Вкупно расходи** | | **212.701** | **228.971** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **7.728** | **4.293** |

Образложенијата од страна 17 до 29 се составен дел на финансиските извештаи

Општина Велес - Сметка на основен буџет (630)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2017 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.728 | 4.293 |
| Побарувања | 4.1.2. | 116.557 | 98.258 |
| Финансиски и пресметковни односи во | 4.1.3. | 2.317 | 2.317 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 76 | 1.105 |
| **Вкупно тековни средства** | | **126.678** | **105.973** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | 26 | 1.088 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.2.2. | 50 | 17 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 126.602 | 104.868 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **126.678** | **105.973** |
| **Вкупна пасива** | | **126.678** | **105.973** |

Образложенијата од страна 17 до 29 се составен дел на финансиските извештаи

# 1. ВОВЕД

Општина Велес претставува посебна единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на општината.

Подрачјето на Општина Велес е определено со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Седиштето на општина Велес се наоѓа на ул. Панко Брашнар бр. 1, Велес.
Општина Велес брои 55.108 жители, на површина од 427,45 км2.

Согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија подрачјето на општината ги опфаќа градот Велес и селата: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Клуковец, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Отовица, Раштани, Рлевци, Рудник, С'лп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци.

Согласно членот 22 од Законот за локална самоупрва и член 15 и 16 од Статутот на Општина Велес, во рамките на законот, и во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон, има право на своето подрачје да ги врши работите од јавен интерес од локално значење.

Општината има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните.

Органи на општината се: советот и градоначалникот кои се избираат на локални избори, за период од четири години. Градоначалникот и советот на Општина Велес надлежни за работењето на општината за годината предмет на ревизија се избрани на локалните избори во 2013 година и 2017 година. Советот на Општина Велес го сочинуваат 23 советници.

Основен акт на Општина Велес е Статутот број 0701-2280/1 од 15.06.2006 година и четири измени на истиот во период од 2009-2018 година.Со Статутот се уредуваат основните прашања во врска со организацијата и надлежностите. Статутот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на советот на општината.

Изворите на средства за работење на општината се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и тоа од:

- персонален данок од доход;

- локални даноци: данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок;
- локалните такси: комунални такси, административни такси и други локални такси утврдени со закон;
- локалните надоместоци: надомест за уредување на градежно земјиште, надоместоци од комунална дејност, надоместоци за просторни и урбанистички планови и други локални надоместоци утврдени со закон;
- приходи од сопственост : приходи од закупнини; приходи од камати;
- приходи од надоместок за концесии;
- приходи од донации;
- приходи од парични казни утврдени со закон;
- трансфери од други нивоа на власт и
- други приходи утврдени со закон.

Годишната сметка на Општина Велес ја усвојува советот на Општина Велес.

Општина Велес финансиското работење на сметката на Основниот буџет - 630 го врши преку сметка 711014100963010, отворена во рамките на Трезорската сметка:.

Овластени лица за располагање со паричните средства на горе наведената сметка на Општина Велес во текот на 2017 година се:

- Славчо Чадиев, градоначалник од 17.04.2013 до 18.10.2017 година и
- Аце Коцевски, градоначалник од 19.10.2017 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1. Изготвување, доставување и донесување на Буџетот

2.1.1. Изготвувањето на буџетот на Општина Велес се врши врз основа на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика и приоритетите на општината.

2.1.2. Општината постапува согласно буџетскиот циркулар кој ги содржи основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на буџетот на Општина Велес, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на фондовите, приходите од други извори, вклучувајќи ја формата и содржината на буџетот на Општина Велес.

2.1.3. Советот на Општина Велес донесува буџетски календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на општината.

2.1.4. Врз основа на утврдените рокови со буџетскиот календар, градоначалникот на Општина Велес до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.

2.1.5. Буџетот на Општина Велес за наредната година треба да биде донесен до 31 декември во тековната година, од советот на Општина Велес.

## 2.2. Утврдување на приходи и расходи

2.2.1. Буџетот на Општина Велес, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа треба да содржи:

Општ дел:

- Консолидиран биланс;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно - оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални расходи.

Посебен дел:

- Прикажување на расходите според Правилникот за класификација на расходите, групирани според корисници и програми;
- Анекси (финансиски планови - биланс на приходи и расходи) на јавните служби основани од општината, кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на Општина Велес и
- Образложение на Буџетот.

Развоен дел:

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по :

- Одделни буџетски програми и потпрограми,
- Години во кои истите ќе се реализираат, и
- Извори на финансирање, односно буџети.

2.2.2. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ, се сметаат за максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.2.3. За секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор се обработува посебен буџетски документ (ребаланс), донесен од советот на Општина Велес.

2.2.4. За покривање на непредвидливите барања за расходите кои ќе се појават во текот на буџетската година, се издвојува до 3% од вкупните тековни расходи за буџетски резерви (постојана и тековна) за која одлучува советот на Општина Велес.

## 2.3. Извршување на Буџетот

2.3.1. Извршувањето на буџетот на Општина Велес се врши врз основа на донесените годишни, квартални и месечни финансиски планови по сметки, програми, потпрограми и ставки на корисниците.

2.3.2. Доколку буџетот на Општина Велес не биде донесен до 31 декември во тековната година, советот донесува Одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.

2.3.3. Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, по потпрограми и ставки од буџетот, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги предвид и готовинските текови.

2.3.4. Буџетските корисници во текот на фискалната година можат да вршат пренамена во рамките на одобрените буџети, по одобрување од советот на Општина Велес.

2.3.5. Градоначалникот на Општина Велес ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општина Велес.

2.3.6. Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на Општина Велес изменување и дополнување на буџетот. Советот на Општина Велес на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

2.3.7. Правото на корисниците на буџетот за трошење на средства од буџетот престанува на 31 декември во тековната фискална година.

2.3.8. Одобрениот буџет за корисниците на буџетот важи до крајот на фискалната година. Неискористениот буџет на крајот од годината не се пренесува во наредната фискална година.

2.3.9. Приходите наплатени по 31 декември на сметката на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

2.3.10. Приходите што ги остваруваат единиците на локалната самоуправа од вршење на дејности кои не се финансираат од буџетот, се уплатуваат на посебни

сметки за донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности, чие одобрување на средства е утврдено со поделните буџети во рамките на буџетот на Општина Велес.

2.3.11. Намалувањето или зголемувањето на планот на приходите и други приливи и планот на одобрените средства во буџетот на донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности го одобрува советот на Општина Велес по претходно поднесено барање од буџетскиот корисник до градоначалникот на Општина Велес кој го проследува до советот на Општина Велес.

## 2.4. Финансиски резултат

2.4.1 Буџетски суфицит (вишок на приходи над расходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите на буџетот на Општина Велес, кога приходите се поголеми од расходите, при што утврдениот вишок на приходи се пренесува во буџетот за наредната година и се евидентира во корист на сметката на приходите.

## 2.5. Кредити и позајмици

2.5.1 Општина Велес може да се задолжува во земјата и странство.

2.5.2 Општината може да се задолжува краткорочно и долгорочно.

2.5.3 При краткорочно задолжување, вкупниот долг на Општина Велес направен по основ на краткорочно задолжување и краткорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија во текот на фискалната година, не може да надмине 30% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

2.5.4 Советот на Општина Велес го одобрува долгорочното задолжување, по претходно одржана јавна расправа во општината. Предмет на јавната расправа е опис на проектот и условите за негово финансирање.

2.5.5 При долгорочно задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на Општина Велес во претходната фискална година.

## 2.6. Извори на капитални средства

2.6.1 Под извори на капитални средства се подразбираат обврските спрема изворите на средства што не пристигнуваат додека корисникот работи.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Даночни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа по следните основи:

- персонален данок од доход кој опфаќа: даноци од плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со закон, данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на Буџетот, данок на пензии, данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход и камата за ненавремено плаќање на персонален данок од доход од занаетчиска дејност;
- даноци на имот кои опфаќаат: данок на имот од физички лица, данок на имот по повисока стапка, данок на имот од правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности;
- даноци на специфични услуги кои опфаќаат: комунална такса за привреме престој, комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли што се плаќа при регистрација на возилата, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, комунална такса за користење на просторот пред деловни простории, комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, комунална такса за користење на музика во јавните локали, комунална такса за користење на плоштад и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност и надоместок за уредување на градежно земјиште и
- такси за користење или дозволи за вршење на дејност кои го сочинуваат надоместокот за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, клуб и диско клуб на отворен простор и надоместот за управување со отпад на општината.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 11.100 | 8.139 | 8.045 | 2.961 |
| Даноци на имот | 69.150 | 45.420 | 42.833 | 23.730 |
| Даноци на специфични услуги | 126.368 | 80.564 | 62.234 | 45.804 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.560 | 152 | 258 | 1.408 |
| **Вкупно** | **208.178** | **134.275** | **113.370** | **73.903** |

## 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:
- глоби, судски и административни такси кои се однесуваат на глоби за заштита од бучави;
- административни такси кои опфаќаат административни такси кои се наплаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината и други локални такси;
- такси и надоместоци кои се однесуваат на приходи од закупнина на објекти и
- други неданочни приходи, кои се однесуваат на останати неданочни приходи и тоа донации за питијада, дозволи и налепници за такси возила, спонзорства за разни манифестации, надоместок за еколочка дозвола, депозит за јавно наддавање и слично, 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила и приходи од наплатени пенали кои се приход на општината.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Глоби, судски и административни такси | 3.610 | 1.740 | 2.153 | 1.870 |
| Такси и надоместоци | 1.500 | 1.375 | 1.200 | 125 |
| Други неданочни приходи | 6.500 | 3.307 | 5.108 | 3.193 |
| **Вкупно** | **11.610** | **6.422** | **8.461** | **5.188** |

### 3.3. Капитални приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа по основ на продажба на земјиште и нематеријални вложувања кои опфаќаат: приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор), надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Во 2017 година се остварени капитални приходи во износ од 17.226 илјади денари (во 2016 - 24.661 илјади денари), а планирани во Буџетот се 92.757 илјади денари.

### 3.4. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по основ на трансфери од други нивоа на власт, трансфери од буџетот на фондовите, пренесен вишок на приходи од претходна година и дотации од приходи од ДДВ. Во 2017 година се остварени приходи од трансфери и донации во износ од 62.506 илјади денари (во 2016 – 86.772 илјади денари), а планирани во Буџетот се 128.697 илјади денари.

### 3.5. Тековни расходи

#### 3.5.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), од средствата кои се обезбедени од сметката на основниот буџет (630) на Општина Велес согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Основни плати | 25.515 | 22.443 | 22.868 | 3.072 |
| Придонеси за социјално осигурување | 8.986 | 7.936 | 8.130 | 1.050 |
| Надоместоци | 6.310 | 5.952 | 5.130 | 358 |
| **Вкупно:** | **40.811** | **36.331** | **36.128** | **4.480** |

### 3.5.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа по основ на тековни резерви (разновидни расходи), кои за 2017 година изнесуваат 760 илјади денари (во 2016 година – 1.915 илјади денари), а планирани со Буџетот се 840 илјади денари.

### 3.5.3. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Патни и дневни расходи | 1.732 | 878 | 1.375 | 854 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 30.035 | 28.486 | 23.838 | 1.549 |
| Материјали и ситен инвентар | 6.487 | 3.739 | 2.619 | 2.748 |
| Поправка и тековно одржување | 76.570 | 26.882 | 23.046 | 49.688 |
| Договорни услуги | 32.024 | 17.044 | 12.745 | 14.980 |
| Други тековни расходи | 19.250 | 11.432 | 10.475 | 7.818 |
| Привремени вработувања | 9.200 | 8.986 | 7.080 | 214 |
| **Вкупно:** | **175.298** | **97.447** | **81.178** | **77.851** |

### 3.5.4. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа по основ на камата за кредити, кои во 2017 година изнесуваат 5 илјади денари (во 2016 година – 69 илјади), а планирани со Буџетот се 80 илјади денари.

### 3.5.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Трансфери до невладини организации | 15.950 | 12.576 | 13.394 | 3.374 |
| Разни трансфери | 18.378 | 14.135 | 7.253 | 4.243 |
| Вкупно: | 34.328 | 26.711 | 20.647 | 7.617 |

### 3.5.6. Социјални бенефиции

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа по основ на еднократна парична помош и помош во натура, кои во 2017 година изнесуваат 89 илјади денари (во 2016 година – 572 илјади), а планирани со Буџетот се 1.100 илјади денари.

## 3.6. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2017 | 2017 | 2016 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Резерви за капитални расходи | 11.650 | 3.593 | 5.903 | 8.057 |
| Други градежни објекти | 152.527 | 36.429 | 70.850 | 116.098 |
| Купување на мебел | 700 | 243 | 373 | 457 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 6.450 | 2.795 | 1.240 | 3.655 |
| Купување на возила | 9.000 | - | 1.798 | 9.000 |
| **Вкупно:** | **180.327** | **43.060** | **80.164** | **137.267** |

### 3.7. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, кои за 2017 година изнесуваат 8.298 илјади денари (во 2016 година – 8.298 илјади денари) за отплата на главнина на долгорочни позајмувања од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, по Договорот за заем за проектот за подобрување на општинските услуги и отплата на главнината на долгорочни позајмувања од централниот буџет.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Актива

### 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номиналнен износ и ги опфаќа паричните средства на Сметката. Нивната состојба на 31.12.2017 година изнесува 7.728 илјади денари ( во 2016– 4.293 илјади денари).

### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција е проценета во износ од 116.557 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата (во 2016 година –98.258 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Други ПВР како нивна

кореспондента сметка, и е по основ на ненаплатени побарувања за данок на имот, комунална такса за фирма, закупнини од објекти, побарувања по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, надомест за легализација на бесправно изградени објекти, побарувања од вработени и др.

#### 4.1.3. Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите

Оваа позиција е проценета во износ од 2.317 илјади денари (во 2016 година – 2.317 илјади денари) и се однесува на побарување од ООУ "Васил Главинов" Велес кое произлегува од направени услуги за превоз на ученици, а истите не се платени од страна на училиштето туку сметката на Општина Велес, во постапка на присилно извршување.

#### 4.1.4. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 76 илјади денари ( во 2016 година – 1.105 илјади денари) и се однесува на краткорочни обврски за ДДВ и обврски за повеќе платен износ по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и надоместок за Б-интегрирана еколошка дозвола.

## Пасива

### 4.2. Тековни обврски

#### 4.2.1. Краткорочни обврски по резерви

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 26 илјади денари ( во 2016 година – 1.088 илјади денари) и се однесува на обврски за повеќе платен износ по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и надоместок за Б-интегрирана еколошка дозвола.

#### 4.2.2. Краткорочни обврски спрема субјекти

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 50 илјади денари ( во 2016 година – 17 илјади денари) и се однесува на обврски по основ на ДДВ.

#### 4.2.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција во 2017 година е проценета во износ од 126.602 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата ( во 2016 година – 104.868 илјада денари) и се состои од дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година во износ од 7.728 илјади денари (2016 година – 4.293 илјади денари) и други пасивни

временски разграничувања во износ од 117.830 илјади денари (2016 година – 100.575 илјади денари).

Вишокот на приходи пренесен во наредната година е еднаков со салдото на паричните средства, додека другите пасивни временски разграничувања соодветствуваат со побарувањата.